Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на политичкиот контекст на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. Политички контекст на проблемите

● Последниот ремонт на делницата Табановце – Куманово е извршен пред 40 години. Кумулираниот поминат товар е проценет на 390 милиони бруто тони.

● Последниот ремонт на делницата Миравци – Смоквица е извршен пред 40 години. Кумулираниот поминат товар е проценет на 230 милиони бруто тони.

● Последниот ремонт на делницата Згрополци (Ногаевци) – Градско е извршен пред 44 години. Кумулираниот бруто товар е проценет на 230 милиони бруто тони.

● Последниот ремонт на делницата Градско – Неготино е извршен пред 43 години. Кумулираниот поминат товар е проценет на 230 милиони бруто тони.

2. Опис на целите што ќе се остварат со донесување на законот

Република Македонија преку ова задолжување ги обезбедува потребните финансиски средства за реализација на Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор X.

Проектот има за цел подобрување на железничката пруга на Коридор X, намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на сигурен сообраќај на следните делници: Табановце – Куманово; Миравци – Смоквица; Згрополци (Ногаевци) – Градско; Градско – Неготино.

3. Идентификација на можни решенија (опции)

Донесувањето на Предлогот на закон е услов за склучување на Договорот за заем меѓу Република Македонија и ЕБОР по Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05 и 88/08).
Со Договорот за заем, Република Македонија се задолжува кај ЕБОР со заем во износ од 17.600.000 евра, наменет за реализација на Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10.
Предлогот на закон претставува генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем меѓу ЕБОР и Република Македонија.

4. Оценка на ефектите од постигнатите резултати

Услов за склучување на Договор за заем со ЕБОР за финансирање на Проектот за подобрување на железничката пруга Коридор 10 е донесување Закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција): Донесување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10 .

Опис: Износот на заемот е 17.600.000 евра, кои се планира да се повлечат во текот на 4 години од исполнување на условите за ефективност утврдени во Договорот за заем кој треба да се потпише меѓу Република Македонија и ЕБОР.

1. Трошоци и фискални импликации

Вкупната вредност на Проектот за подобрување на железничката пруга Коридор 10 финансиран со заем од ЕИБ изнесува 17.600.000 ЕВРА. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија. Заемот е со рокот на отплата од 15 години, со вклучен грејс период од 3 години и варијабилна каматна стапка во висина на 6 месечен ЕУРИБОР зголемен за 1% на годишно ниво. За износот на неповлечените средства од заемот, на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво. Република Македонија ќе и плати на ЕБОР еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот, трошок кој ќе биде исплатен од средствата од заемот. Дополнително, за реализација на предвидените активности, Министерството за транспорт и врски треба во својот буџет да обезбеди средства за подмирување на обврските по основ на ДДВ.

| Фискални импликации | (во илјади денари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 16.605 | 35.424 | 55.350 | 87.453 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | | | |
| Г. Расположливи средства од прелевања (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Г-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>Заем од Европска банка за обнова и развој | 0 | 92.250 | 196.800 | 307.500 | 485.850 | 0 | 0 |

| | (Во илјади денари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Преглед на трошоци | Тековна год. | Втора год. | Трета год. | Четвртa год. | Петта год. | Шеста год. | Седма год. |
| Иницијални трошоци за министерството | 0 | 16.605 | 35.424 | 55.350 | 87.453 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Иницијални трошоци за трети страни (повлекувања на средства од заемот) | 0 | 92.250 | 196.800 | 307.500 | 485.850 | 0 | 0 |
| Трошоци на деловните субјекти за човечки ресурси | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останати трошоци на деловните субјекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци на потрошувачите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

5. Придобивки

| Годишни финансиски придобивки | (Во илјади денари) |
|---|---|
| А) Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | 0 |
| Б) Просечни годишни придобивки (без еднократните) | 0 |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | 0 |

Опис и опсег на клучните финансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Република Македонија преку овој заем ги обезбедува потребните финансиски средства за реализација на Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор X.

Други клучни нефинансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Со овој проект ќе се подобри состојбата на железничката пруга на Коридор X и ќе се обезбеди сигурен сообраќај на следните делници: Табановце – Куманово; Миравци – Смоквица; Згрополци (Ногаевци) – Градско; Градско – Неготино. Со тоа ќе се подобри приодот и поврзувањето со соседните земји во функција на подобрување на развојот на економијата и комуникацијата со европските земји.

6. Ризици и претпоставки

7. Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Резултати приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Резултати приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

8. Резиме на трошоци, придобивки и влијанија за оваа опција

Со донесување на овој Предлог на Закон, Република Македонија ќе се задолжи кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 17.600.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10, под услови утврдени во Договорот за заем. Заемот ќе се отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија.

Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор X има за цел подобрување на состојбата на железничката пруга, намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на сигурен сообраќај на следните делници од Коридор X: Табановце – Куманово; Миравци – Смоквица; Згрополци (Ногаевци) – Градско; Градско – Неготино.

Чекор 3: Консултации

Во текот на подготовката на Предлогот на закон извршени се консултации со Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство.

Чекор 4: Спроведување на предложеното решение и негово правно усогласување

Чекор 5: Проверка / рецензија на решението- Нема

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт: | м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии |
| Наслов на предлогот | Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за донесување на закон: | Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10. | | |
| Верзија: | | Датум: | |
| Поврзани материјали / документи: | Договор за заем, кој треба да се склучи помеѓу ЕБОР и Република Македонија за реализација на Проектот за подобрување на железничката пруга Коридор 10. | | |

1. Предлог текст за заклучок на Владата на Република Македонија:

Владата го разгледа Предлогот на Закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за подобрување на железничката пруга Коридор 10 и утврди со заклучок текстот на Законот да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии, министер за финансии и Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски, а за повереници Елена Кузмановска, државен секретар во Министерство за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на предлогот за донесување на закон и негово усогласување:

Бојана Цветковска, Ана Вељановска и Андрија Алексоски, Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии.

Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлогот за донесување на закон во Собранието на Република Македонија:

Елена Кузмановска, државен секретар во Министерство за транспорт и врски,
Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

3. Текстот на предлогот за донесување на закон и проценката на влијанија на регулативата смее да се објави во Единствениот електронски регистар на прописи: ДА

4. Објаснување на причините доколку се бара донесување на законот по итна постапка: Предлогот на закон не се носи по итна постапка.

5. Краток осврт на предложениот материјал: Нема затоа што текстот на Предлогот на законот не е подолг од 5 страници.

6. Резиме на можни решенија/опции и нивни клучни влијанија:

| | Опција 1 | Опција 2 | Опција 3 |
|---|---|---|---|
| Трошоци | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| •Фискални импликации<br>•Други трошоци | 0 | 0 | 0 |
| Придобивки | 0 | 0 | 0 |
| Останати влијанија | 0 | 0 | 0 |

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| | Има влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 30.000.000 денари во тековната и 100.000.000 денари во наредните 3 години. |
| | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | Нема влијание | врз животната средина. |
| | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| | | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| | | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | НЕ |
| **10.** | | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| | | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | НЕ |
| **12.** | | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

Изјава од министерот

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на заменик претседател
на Влада на Република Македонија Датум:
и министер за финансии:

..................................................................................

Подготвил: Ана Вељановска
Согласен: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева